ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НОВА ЗДРАВСТВЕНА МЕТОДА ИЛИ ПОСТАПКА,СТЕКНАТИ ВО ТЕКОТ НА СТРУЧНОТО ОСПОСОБУВАЊЕ И/ИЛИ СТРУЧНОТО УСОВРШУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО

За време на едукацијата во приватната здравствена установа,,ТОКУДА ,, во Софија,Бугарија,во период од 7.10.2013 до 01.11.2013,се запознав со работата на амбулантскиот дел,кабинетскиот дел и хируршкиот дел.Поголем дел од едукацијата го поминав во кабинетот за глауком со компјутеризирана периметрија и пахиметрија.

Со оглед на тоа што бев испратена за едукација на работата со компјутеризирана периметрија и пахиметрија кои ги добивме во клиничката болница ,,Др.Трифун Пановски,,Битола со големата владина набавка на апарати за офталмологијата,јас ја следев работата на истите. Бидејќи нашите апарати не беа во потполност исти како во болницата Токуда,на мое залагање отидов на едукација во очна клиника Скопје,и по шест месеци (поради технички проблеми-набавка на печатар на тендер) истите се ставија во употреба.Од тогаш па се до денес јас работам со тие апарати кои ми помагаат во комплетирањето на глаукоматозната дијагноза.Компјутеризираната периметрија ја употребувам и како помошна метода при дијагноза на некои неуролошки болести.Ги запознав моите колеги со работата на тие апарати и тие ги применуваат во одредени случаеви.Така јас комплетно одговорив на задачата што беше поставена пред мене по завршувањето на едукацијата –работа со апаратите и пренесување на знаењето на колегите за работата со истите а стекнати за време на едукацијата.

Др.Мери Патче

Спец.офталмолог

Клиничка Болница Битола